Јордан Плевнеш

# Објективот на Марин Димес

Очите на вистината! Безвременото царство на нејзиниот поход, незапирлив поход кон смртта! Марин Димес го изнесува светот во неговата фотографија до категоријалното сознание од каде неповратниот животен миг останува заробен во ефемерната, во осаменатa вечност демистифицирана, детруирана, бламирана. Суровиот резон е подеднакво неизвесен и како метафизичко и како рационално доживување!

Марин Димес внесува во скудните паралели на македонската фотографија *нова атмосфера,* нови семиолошки обележја, ново руво, нови суштини, напоени од врутоците на инспиративната опсесија кон отуѓениот и разнебитениот човек, кон пејсажот во кого одминува како *„палјачо што се игра врз понорите на вистината“.*

Докажуваат овие фотографии *како може мигот да биде студија за животот* во лицето на детето сретнато во битпазарските хипер-натурални балкански варијанти, во фаталноста на старечките набори низ контра-пунктот на гранките и цвеќето, во последните воздишки на случајните минувачи крај Даут-пашиниот амам, во урбаните знаци на човечката деструктивност, во неминовноста на геометриската апстракција, до иронијата на еротизмот од бетонското секојдневие и најпосле во плетенките на морничавите коси на старицата крај гробот на кого се регистрирани календарските парадокси на бесмислата: „Димко Цветковски 1886—1939 и Велика Цветковска 1886—19 и ?“.

Еден тих, морбиден инферно ја одредува естетската димензија на фотографиите на Марин Димес и симболите на нивната комуникација во кружната одисеја на инерцијата на постоењето, во фелиниевскиот зародиш на нивната генеза, во отворената тенденција да бидат фасцинантни откритија во *животот како академија на движењето.*

Адресата на легитимацијата во потрагите на Марин Димес не започнува и не завршува во првичноста на поводот. Модерниот сензибилитет ни се нуди како цврсто убедување дека неговата фотографија е во крвотекот на современоста.

Едно е сигурно: За Марин Димес објективот е оружје на имагинацијата!



*МАРИН ДИМЕС: И кучето замина . . .*